# СОВРЕМЕНОСТ

СПИСАНИЕ ЗА ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

2009

Год. 58, број 1 (февруари)

СОВРЕМЕНОСТ
Списание за литература, култура и уметност
Издавач: Современост, Скопје

Редакција
д-р Васил Тоциновски, главен и одговорен уредник
Славчо Ковилоски, извршен уредник
Никола Алтиев, уредник

Првиот број на Современост излезе во Скопје, април 1951 година.
Досегашни главни и одговорни уредници:
(1951) - Киро Хаџи Василев
(1951 - 1952) - Владо Малески
(1952 - 1953) - Славко Јаневски, Димитар Митрев и Ацо Шопов
(1954 - 1968) - Димитар Митрев
(1969 - 1982) - Георги Сталев
(1983 - 2002) - Александар Алексиев

sovremenost_mk@hotmail.com

# СОДРЖИНА

**КНИЖЕВНИ ДИЈАЛОЗИ**
Сретен ПЕРОВИЌ
Разговорот го водеше Иван Антоновски 7

**ТВОРЕЧКА ЛАБОРАТОРИЈА**
Весна МУНДИШЕВСКА ВЕЛЈАНОВСКА
СЕКОЕ УТРО 18

Ванде ГАНЧЕВСКИ
РЕДОК ПРИМЕРОК 25

Васил ДРВОШАНОВ
НЕПОКОР 28

**ИНТЕРПРЕТАЦИИ**
Блаже РИСТОВСКИ, Симо МЛАДЕНОВСКИ
КУЛТУРАТА ВО МАКЕДОНИЈА 30

Славчо КОВИЛОСКИ
ГЛЕДАЊЕТО НА БАЛКАНОТ И НА МАКЕДОНИЈА
ОД СТРАНА НА МИЛОШ МИЛОЕВИЌ ИЗРАЗЕНО
ПРЕКУ КАРТАТА ОД 1872 ГОДИНА 50

Васил ТОЦИНОВСКИ
НОВИНАРОТ, ПУБЛИЦИСТОТ И ОПШТЕСТВЕНИКОТ
ГЕОРГИ ИВАНОВ КАПЧЕВ 57

Димо Н. ДИМЧЕВ
КОН КНИГАТА *АРОМАНСКИ КАТЕХИЗИС* ОД
ФАВЕЈРАИЛ 69

Оливера МАРКОСКА
ФЕМИНИСТИЧКА НАРАТОЛОГИЈА - ЖЕНСКОТО
ПИСМО ВО МАКЕДОНСКАТА КНИЖЕВНОСТ 76

Димка МИТЕВА
КАКО ГЛЕДАМЕ НА ФЕНОМЕНОТ НА Т.Н. НОВОКОМПОНИРАНИ ПЕСНИ ПО УГЛЕДОТ НА НАРОДНИТЕ 80

**ИСЧЕКОРУВАЊА**

Симона МЛАДЕНОВСКА
ВЉУБУВАЊЕ ВО ДЕМОНОТ 87

Мишо ЈУЗМЕСКИ
ПИСМАТА НА БРИГИТЕ 92

**ПРИОПШТУВАЊА**

Страници за списанието *Књижевно перо*, Риека, Хрватска

Валерио ОРЛИЌ
КАКО УМРЕ МОЈОТ ОСТРОВ 97

Весна МИЦУЛИНИЌ ПРЕШЊАК
СТАРИЦА 101

Жељка Јурчиќ - Клековиќ
ТАЛКАМ НИЗ ПУСТИНАТА НА ЖИВОТОТ 104

Јосип ЕУГЕН ШЕТА
ПРИЈАТЕЛУ ЕУГЕН 107

Ерние ГИГАНТЕ ДЕШКОВИЌ
СЕРЕНИЕВА ЕНИГМА
*(фрагмент од роман)* 110

**КРИТИЧКИ ПРЕГЛЕД**

Славчо КОВИЛОСКИ
ЕДЕН ГАВРАН, ДВА ГАВРАНА 114

Никола АЛТИЕВ
ВЕЧНЕЕЊЕ НА БЕЛОТО МАСТИЛО 117

Васил ТОЦИНОВСКИ
ГОРЧИЛАТА ВО ДУШАТА И ВО ЖИВОТОТ 121

Науме РАДИЧЕСКИ
ПАСТОРАЛНИТЕ МЕДИТАЦИИ НА ВЛАДО ЖАБОТ 124

Бранко ЦВЕТКОСКИ
ШАНГАЈСКА САГА ЗА ЕГЗИЛОТ НА ЕВРЕИТЕ 127

Никола АЛТИЕВ
ПРАЗНИНИ, ИСПОЛНЕТИ СО ЉУБОВ 130

Васил ДРВОШАНОВ
КНИЖЕВНИ И ПУБЛИЦИСТИЧКИ РАСВЕТЛУВАЊА 134

Методија С. ТОШЕВСКИ
ПРАЗНИНАТА НА НЕБОТО СЕ ИСПОЛНУВА СО ЉУБОВ 143

Никола АЛТИЕВ
СТИХОВИ ЗА ЖИВОТОТ И ЉУБОВТА 149

Јованка ДЕНКОВА
ФОЛКЛОРНАТА ФАНТАСТИКА КАКО ИНСПИРАЦИЈА 153

**ХРОНИКА**



ФОТОГРАФИИТЕ СЕ ОД БОЖИДАР ЕРМЕНЦ





821.163.41-821(047).53)

*Сретен ПЕРОВИЌ*

## ЉУБОВ ЗА ПОЕЗИЈАТА И ЗА МАКЕДОНИЈА

*разговорот го водеше Иван Антоновски*

***Како 17-годишен ученик, за првата објавена песна ја имате добиено првата награда Ц.К.Н.О. Црна Гора. Првата збирка стихови „Звуци и далечини“ („Звуци и даљине“) ја објавувате во 1951 година, во издание на Книжевниот клуб на студентите на Универзитетот во Белград. Но, кој беше Вашиот вистински почеток во литературата и од кога таа за Вас не е само задача на денот, туку и животна определба?***

Дозволете ми да направам мал вовед. Можеби така ќе биде полесно да се разбере и мојата поезија, а не само мојата животна патека. Како дете израснав во учителско семејство, со два брата и две сестри. (Во триесеттите години од минатиот век со нас беше и баба Јока, домашна помошничка и некој вид гувернанта). Тоа беше среќно време на моето детство: во сопствен дом со широк двор полн со цвеќиња и бавча со зеленчук, огромна кајсија, смокви и лозница. Во еден дел од бавчата имаше и пчеларник: дваесетина кошници за кои татко ми, како пасиониран пчелар, се грижеше со она исконско внимание што им го посветуваше и на своите ученици. И таа љубов им ја пренесуваше и на своите деца.

Пеколот на Втората светска војна (1941-1945) го доживеав главно низ решетките на капијата на дворот од нашата семејна куќа во Грoња Горица, три километри од тогашна Подгорица, која во тоа време од страна на окупаторите беше оградена со бодлива жица. Бидејќи нашата куќа беше покрај самиот раб на (тогашен македонски) патот Цетиње-Подгорица, умиравме од страв набљудувајќи ги суровите окупаторски гасеничари, тенкови и борни коли, пешадиските моторизирани единици и придружните колони на „домашните соработници“. Од 5 мај 1944 година - речиси секој ден (а на 5 октомври и ноќе) не гаѓаа со митралези и не бомбардираа англо-американски авиони, кои Подгорица (во текот на 74. бомбардирања) ја разурнаа до темел и ја претворија во оглодан костур со илјадници растртгнати човечки тела. Со голем страв и со солзи набљудувавме, како деца, како окупаторските џелати, со камиони, ги носат црногорските заложници - на губилиште. „Отидовме на стрелање!“, извика кон нас од еден камион со заложници една девојка во црвен џемпер, која половина